Архивски знак: Shenja arkivore: ____
Рок на чување: Afati i ruajtjes: ____
____20____ година viti    Потпис Nënshkrimi ____


# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57- 96
## Датум: 29.10.2024 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | belanokj.bt@gmail.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | / |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Стопанска банка АД Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта belanokj.bt@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.10.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.10.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-96 од 28.10.2024 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 21-2450/4 од 30.09.2024г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена на член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **120.000 денари,** од одобрените 153.000 денари согласно со Договорот бр. 21-2450/1 од 28.02.2024г., за учество во финансирање на проектот – **„ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола“** избран на Годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност за 2024 година, како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури,

конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта<br>belanokj.bt@gmail.com |
|---|---|---|

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, и менаџерот на Здружението и тоа:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1 | | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- Проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола" избран на Годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност за 2024 година, а согласно со Решението УП1 2399/2023 од


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

08.02.2024г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2024 година од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 21-2450/1 од 28.02.2024г., за учество во финансирање на Проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола" во Битола, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 153.000 денари.

- Корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи), заведен под бр. 21-2450/2 од 15.03.2024 година. Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола", ќе се реализира во Битола на Плоштад Гоце Делчев од 23.08.2024 до 24.08.2024г. Исто така, наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.дел од хонорар на и бендот во износ од 116.400 денари и 2.Техничка опрема (цд плеери) во износ од 36.600 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставено е Барање за исплата на финансиски средства за реализација на проектот од 15.03.2024г., и Изјава од 11.03.2024г., дека средствата ќе бидат потрошени наменски според оперативниот план.

Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен на ден 20.09.2024 година заведен под бр. 21-8451/1 од истиот датум.
Во прилог на финансискиот извештај доставена е следната документација: Договор за авторско дело од 14.06.2024 година помеѓу ЗК Широк Сокако во бело

Бела нок Битола и за настап на група
.на Широк Сокак во Бело – Бела нок Битола; Уплатница за уплатени средства на во износ од 30.000 денари; уплата на трансакциска сметка на 23.06.2024 година на износ од 100.000 денари; Уплатница на износ од 3600 денари на Камај Аудио-Подружница на Камај Медија плаќање по ф-ра бр.202440, Фактура бр.202440 од Камај Аудио Подружница за изнајмување на техничка опрема цд плеери цдј-3000 Пионеер на износ од 36.600 денари; флаери од настанот Широк сокак во бело Бела Ноќ во Битола Плоштад Магнолија од 23.08 и 24.08.2024 на плато офицерски дом, и принт фотографии од медиуми и фацебоок од одржан настан.

- Со Решението за преведување на средства бр. 21-2450/3 од 29.03.2024 година, на корисникот Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола за проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола"му е исплатен прв дел од средствата во износ од **120.000 денари**.

- На денот на инспекцискиот надзор на 29.10.2024 година, од страна на одговорното лице беше изјавено дека проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола" е реализиран во Битола на ден 23.08 и 24.08.2024г., но две недели пред настанот направена е измена на учесниците на настанот, односно поради технички причини не настапи со бендот туку направена е промена и настапи групата односно хоноратот за проектот е променет за хонорар на бендот
Притоа на одговорното лице на Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола, му е посочено дека во Договорот бр. 21-2450/1 од 28.02.2024г., за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност 2024 година, во член 11 став (3) за измени од поголем обем, во случајот промена на учесници на проектот, и став (5) за измени од поголем обем на овој договор, корисникот до Министерството за култура задолжително треба да достави барање во писмена форма со образложение и придружна документација со која се оправдува барањето, и став (7) за измени од поголем обем на овој договор, договорните страни задолжително ќе склучат Анекс кон овој договор, а корисникот е должен истите да ги прикаже во Образецот за оперативен и финансиски план и Образецот за наративен и финансиски извештај.

Оттука, при надзорот е утврдено дека авансно преведените средства во износ од 120.000 денари се потрошени ненаменски односно корисникот Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола, не ги потрошил средствата согласно доставениот Образец за оперативен и финансиски план за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи), заведен под бр. 21-2450/2 од 15.03.2024 година, и тоа за: 1.дел од хонорар на и бендот во износ од 116.400 денари и 2.Техничка опрема (цд плеери) во износ од 36.600 денари, туку истите ги потрошил за хонорар за (дел) и техничка опрема.

Кога утврдените факти му беа презентирани на одговорното лице на Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола, на ден 29.10.2024 година, тој изјави дека уште во текот на надзорот ќе ги врати добиените средства од Министерството за култура и туризам во износ од 120.000 денари, и дека за истото направиле превид на членот 11 од Договорот бр. 21-2450/1 од 28.02.2024г. односно две недели пред настанот направиле промена на учесниците.

- Оттука на денот на инспекцискиот надзор на ден 29.10.2024 г. од страна на одговорното лице е презентиран доказ дека во Буџетот на РСМ, на соодветната програма на Министерството за култура, вратени се средства во износ од **120.000 денари** со налог за јавни приходи (Образец ПП 50) Стопанска Банка АД Битола-558, од 29.10.2024 г., пополнет на следниот начин: Назив на примач – Буџет на РСМ, Банка на примач – НБРМ, Трансакциска сметка - 100-0000000-630-95, Сметка на корисник - 6300100019-630-19, Приходна шифра - 725939, Програма - 00, Повикување на број задолжување – 464990-40-180100042663712, Цел на дознака – поврат на средства за 180100042663712 за 464990 - 40.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор се констатира дека:**

- **Проектот „ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-Бела ноќ во Битола“, на Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола, не е реализиран, односно средствата се потрошени ненаменски, а авансно преведените средства во износ од 120.000 денари во текот на надзорот се вратени во Буџетот на РСМ, за што е презентиран доказ - налог за јавни приходи (Образец ПП 50) Стопанска Банка АД Битола од 29.10.2024г.**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор утврдената неправилност од страна на Здружение за културата ШИРОК СОКАК ВО БЕЛО-БЕЛА НОЌ Битола е отстранета во текот на вршењето на инспекцискиот надзор, оттука инспекторот ја запира постапката согласно со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [печат: Здружение за култура ШИРОК СОКАК ... Битола; потпис] | Печат и потпис на инспекторот за<br><br>инспектор за култура | [печат: Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Министерство за култура и туризам - Ministria e Kulturës dhe e Turizmit, Инспекторат за култура - Inspektori i Kulturës, 2, Скопје-Shkup; потпис] |
| Датум: | .10.2024 г. | Датум: | 29.10.2024 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.



Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk